РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2386/8
19.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 22. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 10.6.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јаjага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Гордана Мајнова (годишен одмор).

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 22. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од првото продолжение на 20. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 1.6.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 21. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 1.6.2026 година.
3. Предлог-одлука за одбивање на Барање за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.
4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД Јон Радио Струга.
5. Информација во врска со дадена донација на ЈЗУ СБГМП 13 Ноември Скопје, со предлог – анекс бр.1 кон Договорот за донација.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: биро за превод.

7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – стока: пијалаци и потреби за кујна.

8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од Петар Џуровски, го усвои Записникот од првото продолжение на 20. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 1.6.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 21. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 1.6.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за донесување Одлука за одбивање на Барање за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Појасни дека во 2020 година ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип поднело барање за распишување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво. Согласно законските обврски, Агенцијата изработила Студија за утврдување на оправданоста за доделување на таква дозвола, врз основа на која било утврдено дека не постои оправданост за распишување јавен конкурс, поради што Барањето било одбиено.

Против одлуката на Советот, ТРД ТВ 24 Вести ДООЕЛ Штип повела управен спор пред Управниот суд, кој ја потврдил одлуката на Агенцијата. По жалба поднесена до Вишиот Управен суд, на 3 март 2026 година, односно шест години по поднесувањето на првичното барање, била донесена пресуда со која се преиначува пресудата на Управниот суд и Агенцијата се задолжува повторно да изработи Студија за утврдување на оправданоста за доделување дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс. Во рокот од 90 дена утврден со пресудата, Агенцијата изработила нова Студија, која е објавена минатата недела. Наодите од Студијата повторно покажале дека не постојат услови што би ја оправдале потребата од распишување јавен конкурс за доделување ваква дозвола. Имајќи ги предвид наодите од Студијата, предложи Советот да донесе Одлука за одбивање на Барањето на ТРД ТВ 24 Вести ДООЕЛ Штип, а за донесената одлука да биде известен Управниот суд, како доказ дека Агенцијата постапила согласно пресудата на Вишиот Управен суд.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја оцени Студијата како темелно и професионално изработен документ и упати благодарност до стручната служба за вложениот труд. Во однос на прашањето за распишување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, тој нагласи дека во моментот не постои реална потреба од

отворање на ваков конкурс, имајќи ги предвид наодите и заклучоците содржани во Студијата. Неговите аргументи за ваквиот став се следните:

- Немање медиумска додадена вредност: Програмскиот концепт на „ТВ 24 Вести", исто како и на останатите телевизии кои веќе се емитуваат преку дигиталните мултиплекси, е од општ формат. Со нејзиното дигитално емитување, македонскиот радиодифузен простор нема да се збогати со поинаков или специфичен сервис, ниту пак медиумскиот пејзаж ќе добие нова вредност. Доколку се работеше за телевизија со специјализиран формат, без никаква дилема би поддржал распишување на ваков конкурс.
- Висока покриеност преку постојните платформи: Од друга страна ТВ 24 Вести" не трпи загуби поради тоа што не се емитува терестријално (дигитално), бидејќи Македонија има исклучително висока пенетрација и достапност на кабелски и интернет-сервиси.

Според официјалните податоци од „Извештајот за развој на пазарот за електронски комуникации во третиот квартал од 2025 година", од вкупно 598.632 домаќинства во државата, пристап до телевизиски сервиси преку оператори имаат дури 442.180. Ова значи дека над 74% од домаќинствата имаат пристап до телевизиите кои се емитуваат преку кабелските и IPTV мрежите (кои претставуваат неограничен ресурс), што е моментален случај) и со „ТВ 24 Вести".

Советничката Цветанка Миновска изрази благодарност до стручната служба на Агенцијата за професионално и стручно изработената Студија, оценувајќи ја анализата како сеопфатна и аргументирана. Врз основа на наодите и заклучоците содржани во Студијата, истакна дека ќе го поддржи предлогот за одбивање на Барањето.

Советничката Зирјета Јајага истакна дека ќе гласа против објавувањето јавен конкурс, оценувајќи дека состојбата на медиумскиот пазар не ја оправдува потребата од нов телевизиски сервис од општ формат. Таа посочи дека современите трендови упатуваат на развој на специјализирани телевизиски канали, какви што недостигаат на домашниот медиумски пазар.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересираната страна, Трговското радиодифузно друштво 24 Вести ДООЕЛ Штип, арх.бр.03-67/1 од 5.2.2020 г. (наш Уп1 бр.08-55 од 11.2.2020 г.) со дополнување арх.бр.03-958/2 од 21.9.2020 г. (наш Уп1 бр.08-94 од 22.9.2020 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс (арх.бр.08-2339/1 од 3.6.2026 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување нова дозвола за телевизиски програмски сервис од општ формат на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за дозволување промена на сопственичката структура на ТРД Јон Радио ДОО Струга. Тој појасни дека радиодифузерот врши радио емитување на државно ниво и дека во постојната сопственичка структура учествуваат две физички лица. Со предложената промена, физичкото лице Фисник Татеши се повлекува од сопственичката структура, а додека физичкото лице Гоце Стојковски ќе стане единствен сопственик со удел од 100%. Директорот информираше дека, по извршените проверки од страна на надлежните сектори во Агенцијата, е утврдено дека со предложената промена не се прекршуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на недозволена медиумска концентрација. Поради тоа, предложи Советот да донесе одлука со која ќе се одобри промената на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Јон Радио ДОО Струга.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Јон Радио ДОО Струга, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво Јон Радио ДОО Струга, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗААВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗААВМУ.

Трговското радиодифузно друштво Јон Радио ДОО Струга е должно да ја спроведе промената на сопственичката структура во Централниот Регистар на РСМ, во рок од 90 дена од денот на донесувањето на горенаведената Одлука. Доколку промената не се спроведе во наведениот рок, одлуката ќе се поништи.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлуката со која се дозволува промена во сопственичката структура на ТРД Јон Радио ДОО Струга да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, ја образложи Информацијата во врска со дадена донација на ЈЗУ СБГМП 13 Ноември Скопје, со Предлог – анекс бр.1 кон Договорот за донација. Тој потсети дека Советот на една од претходните седници донел Одлука за спогодбено раскинување на Договорот за донација, поради тоа што здравствената установа не ја реализирала донацијата во предвидениот рок и не доставила соодветна документација за нејзина реализација. По доставувањето на предлогот за спогодбено раскинување на договорот, од страна на здравствената установа бил доставен нов допис со кој се бара продолжување на рокот за реализација на донацијата до мај 2027 година. Имајќи го предвид доставеното барање, како и ставовите изнесени од членовите на Советот на претходната седница, директорот предложи да се прифати продолжувањето на рокот за реализација на донацијата и да се склучи Анекс бр.1 кон Договорот за донација.

Советничката Цветанка Миновска изјави дека ќе го поддржи предлогот, имајќи ги предвид потребите на корисниците на услугите на оваа здравствена установа. Притоа нагласи дека е потребно во Анексот прецизно да се утврди крајниот рок за реализација на донацијата, односно мај 2027 година, согласно барањето на установата, со цел да се избегнат идни барања за дополнително продолжување на рокот.

Директорот Трајчевски појасни дека доколку Советот ја прифати Информацијата, ќе биде потребно да се склучи Анекс бр. 1 кон Договорот за донација, во кој прецизно ќе биде утврден крајниот рок за реализација на донацијата.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, предложи во Анексот да биде утврден рокот наведен во дописот на здравствената организација, оценувајќи дека Агенцијата треба да покаже добра волја и да овозможи реализација на донацијата во рамки на побараниот период.

Советничката Афрона Врзиволи праша дали за продолжување на рокот за реализација и склучување на Анексот ќе бидат известени Управата за јавни приходи и Министерството за правда.

Директорот Трајчевски одговори дека за измената на рокот за реализација на донацијата навремено ќе бидат известени и Управата за јавни приходи и Министерството за правда.

Советот на Агенцијата ја прифати Информацијата бр.03-2106/4 од 8.6.2026 година во врска со дадената донација на ЈЗУ СБГМП 13 Ноември Скопје, со предлог – Анекс бр.1 кон Договорот за донација, и едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да потпише Анекс бр.1 кон Договорот за доделување на финансиска помош - донација од 11.02.2025 година, склучен помеѓу АВМУ и Јавната здравствена установа - Специјализираната болница за геријатриска палијативна медицина „13 Ноември" Скопје, со текст како што беше предложен.

Да се извести Министерството за правда на РСМ и Управата за јавни приходи за склучениот Анекс бр.1 кон Договорот за доделување на финансиска помош - донација од 11.02.2025 година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за услуга – биро за превод. Таа истакна дека предмет на набавката се услуги за усмен и писмен превод од македонски на англиски, германски, француски и албански јазик и обратно, согласно потребите на Агенцијата. Појасни дека услугите за писмен превод ќе се користат за преведување на работни материјали, документи, студии, анализи и други акти што ги изработува Агенцијата, додека услугите за симултан и консекутивен превод ќе се користат при организирање на настани, состаноци, конференции, работилници и други активности во организација на Агенцијата. Набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година, а средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за истата година. Согласно проценетата вредност, постапката ќе се спроведе како набавка од мала вредност, во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки што се однесуваат на овој вид постапка. Таа истакна дека сите останати информации и детали во врска со набавката се содржани во материјалите доставени за оваа точка од дневниот ред.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: биро за превод.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-услуга: биро за превод, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (пречистен текст) бр.05-2219/1 од 22.5.2026 година, а средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, односно ќе бидат обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2027 година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка за предметот на набавка – стока: пијалаци и потреби за кујна. Таа појасни дека набавката е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година, а потребните средства се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за истата година. Согласно проценетата вредност, станува збор за набавка од мала вредност, која ќе се спроведе преку електронскиот пазар за набавки од мала вредност во рамки на Електронскиот систем за јавни набавки. Воедно истакна дека станува збор за релативно нова алатка предвидена со системот за јавни набавки, која Агенцијата ќе ја користи за првпат. Сите останати информации и детали поврзани со предметната набавка се содржани во материјалите доставени за оваа точка од дневниот ред.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка- стока: пијалаци и потреби за кујна.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-стока: пијалаци и потреби за кујна, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (пречистен текст) бр.05-2219/1 од 22.5.2026 година, а средствата се обезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка 8**

**Разно**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој појасни дека во наредниот период Агенцијата ќе добие две нови службени возила, поради што е потребно да се извршат соодветни измени и дополнувања на постојниот Правилник. Посочи дека составен дел на Правилникот е прегледот на службените возила на Агенцијата, во кој се наведени и регистарските ознаки на возилата. Бидејќи во моментот Агенцијата сè уште не располага со регистарските ознаки на новите возила, се предлага измена со која овој преглед ќе може да се ажурира по предлог на раководителот на секторот надлежен за службените возила, без потреба од дополнителни измени на Правилникот секогаш кога ќе дојде до промена на регистарска ознака, набавка на ново или отуѓување на постојно возило. Воедно, директорот истакна дека е потребно во Правилникот да се дополни одредбата со која ќе се предвиди дека Агенцијата располага и со возила обезбедени преку оперативен лизинг, со цел новите возила да можат да се користат согласно одредбите на Правилникот.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Горенаведениот подзаконски акт, влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на горенаведениот подзаконски акт.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**